Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

# 2025

1 ЈАНУАРИ - 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА




*Изгледот на нашата нова веб-страница пуштена во употреба во ноември 2025 година*

јануари 2026 год.

# НАКРАТКО

2025 година е 21-та година во работењето на Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) и трета година од спроведувањето на тековниот петгодишен Стратешки план за работењето (2023-2027).

И годинава продолжи динамичното работење од претходните години за што зборуваат следниве сумирани резултати:

- Спроведени се вкупно **10 истражувања**;
- Изработени се и објавени **10 анализи**;
- Изработени се и објавени **5 бази** на отворени податоци;
- Објавени се и дистрибуирани **21 публикација** (извештаи, анализи и документи за јавни политики) на македонски, албански и англиски јазик, во електронска форма и во **1.800 отпечатени примероци**;
- Длабочински се мониторирани повеќе од **300 тендери**;
- Организирани се **7 работилници**, форуми и дебати со **132 учесници** од земјата и од регионот;
- Извештаите, препораките, истражувањата и прирачниците на ЦГК се преземени повеќе од **300.000 пати** од интернет страницата www.ccc.org.mk;
- Објавите на ЦГК на социјалните мрежи имале **1.622.079 прегледи**;
- Објавени се **514 новинарски текстови** врз основа на нашите активности и резултатите од нивното спроведување во **200 различни медиуми** во земјава и регионот;
- Препорачани се **стотици** конкретни мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција.

Во 2024 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава кој ЦГК го спроведува веќе 18 последователни години, со детектирање и укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција. Како резултат на оваа активност, во значителна мера се подобрени транспарентноста и отчетноста во трошењето на јавните пари преку тендерите, како и законската рамка во областа на јавните набавки.

Во сферата на јавните набавки, истовремено со активностите на системско ниво, ЦГК спроведува и активности за утврдување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот во јавните набавки на институционално ниво. Годинава се истражуваа и анализираа овие аспекти кај јавните набавки на општините. На секторско ниво, пак, годинава се анализираа јавните набавки во областа на здравството. Исто така, се спроведе и вкрстено истражување на податоците за 360 избрани и именувани функционери од извршната власт на национално и на локално ниво, вклучувајќи ги и податоците за јавните набавки на фирмите што функционерите пријавиле дека ги поседуваат или се поврзани.

Годинава започнавме длабочински истражувања и анализи во областите кои се поврзани со јавните набавки, односно доделувањето концесии и договори за воспоставување јавно-приватно партнерство, како сродни области и договори на договорите за јавни набавки.

Во другата главна област на делување – полето на унапредување на капацитетите на новинарите и медиумите, во 2025 година продолжија значајни активности за зајакнување на истражувачкото новинарство и соработката меѓу медиумите и невладините организации во остварување на нивната заедничка општествена улога. Продолжи и редовното асистирање на новинарите при нивните истражувања на корупцијата и трошењето јавни пари.

ЦГК и годинава спроведе мноштво истражувања за важни појави, прашања и области за натамошно користење на новинарите и невладините организации, а кои се објавуваат во отворен формат на веб-порталот www.opendata.mk што овозможува нивна натамошна употреба од сите заинтересирани.

Активностите на ЦГК во 2025 година се спроведуваа во рамките на осум проекти, финансиски поддржани од: Швајцарската агенција за развој и соработка, УСАИД, Кралството Холандија, Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА), Националниот фонд за демократија (НЕД), Европската Унија, Фондацијата Отворено општество – Македонија и Меѓународниот секретаријат на Партнерството за отворена власт, а кои се спроведуваат самостојно или во партнерство со други невладини организации од земјата и од регионот.

ЦГК е редовен член на Глобалната коалиција на граѓанското општество за UNCAC, глобална мрежа на граѓански организации посветени на унапредување на следењето и спроведувањето на Конвенцијата на ОН против корупцијата (UNCAC).

UNCAC Coalition

Подетални информации за проектите, спроведувањето, активностите, резултатите, постигнувањата, донаторите и партнерите на ЦГК можат да се добијат и на нашата интернет страница www.ccc.org.mk, која од ноември 2025 година има сосема нов изглед, дизајн и содржина.

# ЗА НАС

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) е основан во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето досегашно дејствување ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата и зголемувањето на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на државните институции.

Во оваа насока ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има обучено повеќе од петстотини новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и претставници на граѓански организации, а има изработено, спроведено и објавено повеќе од двесте истражувања, анализи и прирачници.

Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на резултатите од делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК во 2025 година броеше шестмина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК. Органите на управувањето и раководењето на ЦГК вклучуваат Собрание на здружението како највисок орган, Извршен одбор и претседател на здружението.

**ВИЗИЈА**

ЦГК е докажан општествен чинител во демократизација на македонското општество, подобро информирање на граѓаните и транспарентно и одговорно владеење.

**МИСИЈА**

ЦГК ја развива и подобрува комуникацијата помеѓу општествените фактори за процесите од поширoко значење. Ги мониторира, анализира и јакне општествените процеси во земјата и регионот во делот на антикорупција и добро владеење, евроинтеграција, медиуми и економски развој.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ**

- Антикорупција и добро владеење;
- Медиуми;
- Евроинтеграција;
- Економски развој и
- Градење капацитети на организацијата и долгорочна финансиска одржливост.

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРУВАЊА

## КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ВИСТИНСКИТЕ СОПСТВЕНИЦИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА (2023-2026) – ПРОЕКТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС, ПРОЕКТ НА ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА (SDC)

Проектот ги унапредува транспарентноста, отчетноста и ефикасноста во трошењето на јавните пари преку поттикнување и промовирање на користењето на информациите за вистинските сопственици во борбата против корупцијата. Проектот придонесува кон фактичко користење на податоците од Регистарот на вистински сопственици како инструмент во борбата против корупцијата.




Во текот на 2025 година:

- Спроведено е и објавено „Истражувањето за откривање евентуални судири на интереси и злоупотреба на моќ при јавните набавки кај политички експонираните лица“ кое покажа значајни дупки и недоследности во пријавувањето сопственост и интереси на функционерите на патот на откривањето корупција.
- Почнувајќи од 17 ноември 2025 година, на Електронскиот систем за јавни набавки почнаа да се објавуваат имињата на вистинските сопственици на фирмите што добиле договор за јавна набавка. Со ова е остварена заложбата што ЦГК ја предложи во Националниот акциски план за Партнерството за отворена власт 2024-2026 и директно учествуваше во нејзиното спроведување преку членство во работната група каде членуваат и претставници на сите вклучени страни. Оваа заложба беше избрана од Владата и предложена како македонска номинација за т.н. предизвик, иницијатива на Меѓународниот секретаријат на Партнерството за отворена власт за натпревар меѓу земјите за најдобра заложба.
- На 20 истражувачки новинари и претставници на граѓански организации од областа на антикорупцијата и доброто владеење им беа подобрени знаењата и вештините за начините на наоѓање, користење, проверка и вкрстување на

податоци од мноштвото бази и регистри за откривање и спречување на корупцијата и судирот на интереси. Двете одделни работилници, одржани во Куманово и во Скопје, беа водени од претставници на Државната комисија за спречување на корупцијата и на Бирото за јавни набавки.

» Дел од решенијата за утврдените дупки и недоследности во можностите за откривање и спречување корупција при проверката и вкрстувањето на информациите од разните регистри и бази на податоци, се вградени во предлозите за мерки при изработката на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026-2030.

Проектот се спроведува во партнерство со Центарот на активни граѓани Активо Велес и Здружението на даночни советници на Република Македонија од Скопје.















## КРЕДИБИЛНО НОВИНАРСТВО ЗА СУШТИНСКИ ПРОМЕНИ – ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ШВЕДСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА РАЗВОЈНА СОРАБОТКА (2023-2026)

Проектот опфаќа изработка и објавување на истражувања, анализи и бази на податоци за прашања и теми од јавен интерес.




Во текот на 2025 година спроведени се осум длабински истражувања од различни области и објавени се 6 извештаи и бази на податоци на нашата веб-страница www.ccc.org.mk, на нашиот портал www.opendata.mk и во медиумите:

- Истражување и база на податоци за трошоците за зимско одржување на патиштата;
- Истражување и база на податоци за набавките на патнички возила на државните институции;
- Истражување и база на податоци на фирмите на кои ќе им се одземат лиценци по проверките поттикнати од трагедијата во Кочани;
- Истражување и база на податоци за јавните набавки на општините во 2024 година;
- Истражување и база на податоци за финансиските резултати на локалните јавни претпријатија;
- Истражување и база на податоци за трошоците на општините за новогодишно украсување.







Проектот се спроведува во партнерство со Балканска истражувачка репортерска мрежа, Македонија (БИРН) како водечки партнер.

## Спречување на корупцијата во здравството (2025-2027) – проект финансиран од Националниот фонд за демократија (НЕД)

Проектот ги промовира транспарентноста и одговорноста во јавното трошење во областа на здравството.







Во текот на 2025 година:

» Спроведено е истражување и објавен е извештај за јавните набавки во здравствениот сектор во изминатиот десетгодишен период кој ги детектира ризиците и можната корупција во јавните набавки во здравството кои за десет години се зголемиле два и пол пати, наспроти падот на дадените услуги во јавните здравствени установи.

» Спроведено е истражување и објавен е извештај за конкуренцијата и клучните „играчи“ во јавните набавки во здравството кој покажа дека енормниот пораст на вредноста на набавките не довела до зголемена конкуренција меѓу фирмите, туку се средствата се концентрираат кај мал број понудувачи.

» Одржани се две дебати со повеќе од 50 претставници на вклучените и на засегнатите институции за претставување на резултатите од истражувањата, дискусија по главните наоди и формулирање на препораки за унапредување.

» Спроведено е истражување за коруптивни шеми во здравствените набавки откриени преку правната заштита, чиј извештај ќе биде објавено во 2026 година.











ВО ФОКУС Војна во Украина Balkan Booster Избори 2024 Најнови видеа ТВ во живо

ЕКОНОМИЈА | СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Тендерите во здравството растат, конкуренцијата опаѓа**

Даниела Трпчевска-Зафировска
23.12.2025

Истражување на Центарот за граѓански комуникации открива дека тендерите во здравството пораснале двојно, но конкуренцијата останува ограничена



**Јавното здравство троши сè повеќе, а дава сè помалку, покажува истражување на ЦГК**

Фото: Енвато

11/11/2025 - 12:27 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

## Фер трошење за фер избори: **Следење на јавните набавки на општините во изборната година** – проект финансиран од Европската Унија како субгрант во рамките на ЕУ поддршката за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2

Проектот придонесува за зголемена транспарентност и отчетност во локалната власт преку следење на трошоците за јавни набавки во општините во изборната година, намалувајќи ги можностите за злоупотреба на јавни средства за остварување изборна предност.




Во текот на 2025 година:

- Спроведено е истражување и објавен е <u>извештај за владините средства наменети за инфраструктурни проекти на општините</u> од парите од т.н. Унгарски кредит.
- Изработен е и објавен и <u>детален приказ на податоците од истражувањето за секоја општина</u> во земјава.



## Граѓаните против корупцијата – проект на УСАИД (2023-2028, терминиран во јуни 2025)

Проектот ги зголемува ангажманот и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, за подобрување на владината реакција и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и на локално ниво.

Во текот на 2025 година:






- Продолжи да се спроведува „граѓанскиот надзор“ врз јавните набавки во општините, каде заедно со граѓаните и со претставниците на граѓанскиот сектор се детектираат спорни набавки за кои се спроведуваат длабочински истражувања.
- Претставниците на ЦГК организираа и учествуваа на средби со граѓани и со локални граѓански организации за нивно вклучување во пријавување и спречување на корупцијата од Крива Паланка и Гостивар.
- Изработени се, објавени и поделени брошури со информации за јавните набавки на општините и начинот на којшто се спроведувале (студии на случаи).





Проектот го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Институтот за демократија Социетас Цивилис, Скопје (ИДСЦС), Стопанската комора на Северна Македонија (СКНМ), 360 степени, Лабораторија за истражувачко новинарство, Македонија (IRL) и Балканска истражувачка репортерска мрежа, Македонија (БИРН).

## Јавен надзор над јавните набавки (2025-2027) – проект во рамките на програмата МАТРА со финансиска поддршка од Кралството на Холандија

**Проектот е директно насочен кон борбата против корупцијата во јавните набавки преку овозможување на граѓаните ефикасно да ги проверуваат јавните тендери и да бидат поинформирани за злоупотребите, со што ќе се поттикне институционална одговорност и ќе се намали неказнивоста.**

Проектот почна да се спроведува во октомври 2025 година и до крајот на годината беа спроведени следните активности:

- Идентификувани се институции чии што тендери ќе бидат истражувани врз основа на индикаторите за ризици од корупција проценети преку т.н. црвени знамиња на Бирото за јавни набавки.
- Спроведени се теренски посети за консултации со засегнатите граѓани и за прибирање информации за специфични тендери спроведени од избраните институции, а кои директно влијаат на влошувањето на квалитетот на живот на граѓаните и се сметаат за очигледна злоупотреба на јавните пари.
- Врз основа на меѓународно признати индикатори, прибрани се дополнителни информации и направени се анализи на тендери во кои се идентификувани најголеми ризици од корупција како дополнителен потенцијален список на случаи на јавни набавки за натамошно истражување.
- Направен е конечен избор на проблематични тендери што ќе се истражат, за кои граѓаните и истражувањето сметаат дека имаат најголема веројатност да откријат вистинска корупција и да создадат јавно влијание.





## Истражување на потенцијалите на јавното-приватно партнерство и концесиите за регионален развој во Западен Балкан (2025-2026), регионален проект финансиран од Фондација Отворено општество – Македонија

Проектот е насочен кон забрзување на регионалниот развој и интеграцијата во ЕУ преку зајакнување на управувањето со јавно-приватните партнерства и концесиите во земјите од Западниот Балкан, преку транспарентност, правно усогласување и интеграција со системите за јавни набавки.

Проектот почна да се спроведува во декември 2025 година и веднаш на почетокот, спроведени се следниве активности:

- Составен е конзорциумот од граѓански организации од секоја од шесте земји на Западниот Балкан кој покрај Центарот за граѓански комуникации го сочинуваат и: Бечејското здружение на млади – БУМ (Србија), Центарот за нови иницијативи (Црна Гора), Развојната агенција за претпријатија – ЕДА (Босна и Херцеговина), Движење ФОЛ (Косово) и Центарот за правно зајакнување (Албанија).

- Изработена е Нацрт-методологија и рамка за мапирање на податоците за изработка на почетните профили на земјите од Западен Балкан.



## Заедно за Партнерството за отворена власт: Поддршка на процесот на спроведување и дизајнирање на иднината (2025-2026) – проект финансиран од Меѓународниот секретаријат на Партнерството за отворена власт, преку нововоспоставениот Фонд за граѓанското општество „Хелен Дарбишир“ 2025-2027

Проектот го поддржува спроведувањето на постојниот Националниот акциски план за Партнерството за отворена власт 2024-2026 и го зајакнува процесот на ко-креирање на претстојниот Национален акциски план за ПОВ 2026-2028 година.






Проектот почна да се спроведува во ноември 2025 година и до крајот на годината беа спроведени следните активности:

- Одржани се координативен состанок со Министерството за финансии и состанок на работната група за спроведување на заложбата за дигитализација на финансиските извештаи на политиките партии за редовното и за изборното финансирање за приоретизирање на следните чекори и активности за спроведување на заложбата од тековниот Национален акциски план за Партнерството за отворена власт 2024-2026;
- Одржана е седница на Советот за Партнерството за отворена власт каде се дискутирани следните чекори за ко-креирање на новиот Национален акциски план за Партнерството за отворена власт 2026-2028, при што е формирана подгрупа за изработка на документите како предуслов за почетокот на креирање на планот, во која членува и претставник на ЦГК.

Проектот се спроведува во партнерство со Фондацијата Метаморфозис, која е водечки партнер.

## Самостојни организациски активности

Во текот на 2025 година, меѓу другите, спроведени се и следниве позначајни организациски активности што ЦГК ги проведува самостојно како дел од своето редовно работење:

- Директно се мониторирани 80 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво како дел од редовниот мониторинг на јавните набавки што ЦГК го спроведува непрекинато од 2008 година наваму. Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите и на нерационалното трошење на јавните пари, како и за стеснување на просторот за корупција во јавните набавки.
- Спроведено е истражување за рангирање на 97 институции (Влада, министерства, општини и Градот Скопје) според нивото на Активната транспарентност, која стана главен критериум за мерење на транспарентноста на државните институции во земјава така што информациите од активната транспарентност станаа задолжителни за објавување. Специјалната интернет страница за поедноставен приказ на активната транспарентност на институциите www.aktivnatransparentnost.mk е надополнета со последните податоци од истражувањето за 2025 година.
- Учество во процесот на изработка на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2025-2030, организиран од Државната комисија за спречување на корупцијата. ЦГК даде особен придонес со активно учество на десетина целодневни работилници за утврдување на методологијата за изработка на стратегијата, стратешките цели и области, креирање мерки и активности во областа на јавните набавки, здравство, големите инфраструктурни проекти итн.









# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Во согласност со член 53 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52/2010),

**Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации“ ЦГК Скопје**

објавува

**Годишен финансиски извештај за 2025 година (во МКД)**

| | |
|---|---|
| **ПРИХОДИ:** | **19.985.442** |
| Приходи од услуги | 0 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 2.060 |
| Приходи од донации | 19.983.382 |
| Вонредни приходи | 0 |
| **РАСХОДИ:** | **19.985.442** |
| Материјални расходи и амортизација | 1.350.573 |
| Други расходи | 9.434.824 |
| Капитални и други средства | 0 |
| Плати и надомест на плати | 9.200.045 |
| Вонредни расходи | 0 |
| **ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ ОД ДОБИВКАТА:** | **0** |
| Нето-вишок добивка по оданочување | 0 |
| Број на работници | 6 |

и

**Биланс на состојба на 31.12.2025 година**

| | |
|---|---|
| **АКТИВА:** | **13.708.252** |
| Постојани средства | 243.442 |
| Парични средства и краткорочни побарувања | 13.464.810 |
| **ПАСИВА:** | **13.708.252** |
| Деловен фонд | 23.629 |
| Краткорочни обврски | 0 |
| Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 13.684.623 |